Република Македонија
Совет за радиодифузија
Бр. 02-2762/1
19.07.2011 година
С к о п ј е

До _____

Врз основа на член 5 и член 6 став 1 од Деловникот за работа на Советот за радиодифузија (Пречистен текст), ја закажувам 13-та седница на Советот за радиодифузија на РМ за 22.07.2011 година (петок), со почеток во 11,00 часот.

За седницата се предлага следниот:

Д н е в е н р е д

1. Усвојување на Записникот од 10-та седница на Советот, одржана на 16.05.2011 година, за која имаше и две продолженија,одржани на 20.05.2011 и на 16.06.2011 година.
2. Усвојување на Записникот од 11-та седница на Советот, одржана на 09.06.2011 година.
3. Расправа во врска со донесените измени и дополнувања на Законот за радиодифузната дејност (по скратена постапка).
4. Анализа на сите спроведени мерки и најчести прекршувања на радиодифузерите (полугодишна анализа).
5. Анализа на судските постапки заради утврдување на ефективноста на изречените казнени мерки (полугодишна анализа).
6. Полугодишна анализа за следењето на сопственичката структура на радиодифузерите и на нивните обврски во поглед на транспарентноста на сопственоста и на изворите за финансирање.
7. Анализа за надзорот врз обврските на јавните комуникациски мрежи: регистрирани пакети, изречени казни, најчести прекршувања и изречени мерки во вториот квартал од годината.
8. Полугодишна анализа за следењето на обврската на радиодифузерите за плаќање на надоместокот за дозволата за вршење радиодифузна дејност.
9. Информација за спроведените постапки за порамнување за прекршоците сторени за време на Предвремените парламентарни избори во 2011 година.
10. Информација за напредокот на постапката за трансформација на постојните јавни претпријатија кои вршат радиодифузна дејност – радио на локално ниво.
11. Мислење во врска со молбата на ТРД Радио Роса ДООЕЛ од Кочани.
12. Барање за ослободување од плаќање радиодифузна такса од с.Мренога општина Демир Хисар.
13. Информација во врска со дописот од Министерство за транспорт и врски за претставништво – Агенција за Радио – Телевизија на Исламска Република Иран во Република Македонија.
14. Разно

Седницата ќе се одржи во просториите на Советот за радиодифузија на Република Македонија, на бул. “Маркс и Енгелс” бр.3 - Скопје (деловен простор на “Агромеханика” АД Скопје).

СОВЕТ ЗА РАДИОДИФУЗИЈА НА РМ
Заменик на претседателот

М-р Милаим ФЕТАИ, с.р.